РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-526/5
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава од познат подносител Државната комисија за спречување на корупцијата на 6 - та седница одржана на ден 10.06.2024 година, донесе

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 09-6391/1 од 24.06.2022 година, оформен против службеното лице ------, вработен во ЈУ ----------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК констатира повреда на член 75 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и по спроведена постапка за порамнување, ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставена е пријава од познат подносител со бр. 12-133/1 од 26.03.2021 година против лицето ---------, вработен во ЈУ -----. Според наводите во пријавата именуваниот истовремено е законски застапник-управител на хуманитарно здружение кое има склучено договор со Министерството за труд и социјална политика и Општина Делчево за спроведување на проект за развој на социјалните услуги ------ во износ од 2.900.000,00 денари, од кои Министерството за труд и социјална политика ќе учествува со 2.600.000,00 денари како грант, а со 300.000,00 денари ќе учествува организацијата.
По разгледување на наводите од пријавата, ДКСК на Колегиум одржан на ден 23.06.2022 година заклучи дека во конкретниот случај треба да постапува Одделението за спречување судир на интереси и лобирање по што со Службена белешка е оформен предмет бр. 09-6391/1 од 24.06.2022 година.
Согласно член 76 став 3 од од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите од пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата спроведе постапка и обезбеди потребни докази и податоци, по што го утврди следното:
Лицето -------- е вработено во ЈУ ---------, а со решение број 04-366/1 од 04.07.2019 година е распореден на работно место дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор со звање

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Самостоен стручен службеник во Службата за услуги од социјална заштита, Оддел Дневен центар за лица со ментална и телесна попреченост за подрачјето на Општина -----------.
Врз основа на Историјат на промени број 0805-50 од 14.07.2022 година издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија, се констатира дека -------- е управител на Хуманитарно здружение -------- и тоа од неговото основање 13.06.2006 година до 24.02.2022 година, кога е извршена промена и управител е ---------------.
Од обезбедената документација од Министерство за труд и социјална политика се констатира дека врз основа на објавен јавен повик до општините и општините во Градот Скопје во Република Северна Македонија да изразат интерес да аплицираат за грант за развој на социјални услуги, потпишан е Договор број 10-1783/1 од 24.02.2021 година со Општина ----- и давателот на услугата Хуманитарно здружение ---------за давање на услуга рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост за развој на општините, со цел соработка на проект -------- финансиран од Министерство за труд и социјална политика во рамки на „Проект за унапредување на социјални услуги„ SSIP врз основа на заем од Светска банка.
Исто така, наведеното здружението со Решение број 10-573/5 од 20.03.2023 година од Министерство за труд и социјална политика има добиено лиценца за испорака на наведената услуга Центар за рехабилитација на лица со попреченост, врз основа на Мислење на Комисијата за лиценцирање на даватели на социјални услуги донесено во повторена постапка, откако претходно има дадено негативно мислење, кое второстепената комисија го има поништена. Во повторената постапка, Комисијата за лиценцирање на даватели на социјални услуги има извршено вонреден увид и од Записникот број 10-538/3 од 12.04.2022 година се констатира дека лицето -------- давал појаснување и во својство на овластено лице на Хуманитарното здружение -------- и во својство на вработено лице во --------. Исто така, на Комисијата нејасна им била потребата од дополнување на активностите кои веќе се реализирале во --------, особено што за потребите на самиот проект каде носител се јавува хуманитарното здружение, ќе се користат истите простории, инвентар и опрема заедно со ново набавената опрема и репроматеријали.
До ДКСК документација достави и ЈУ ----- и анализирајќи ги истите, се констатира дека Управниот одбор на ЈУ -------- на ден 12.05.2022 година има одржано седница и видно од Записник број 02-251/2 под точка 3 на дневен ред било разгледувано и донесена Одлука за давање на согласност на проектот --------, а за потребата од донесување на ваква одлука, образложение дал ---------------.
Од анализата на Договорот за грант број 19/2021 склучен на ден 23.02.2021 година меѓу Министерството ----------, Општина -------- и давателот на услугата Хуманитарно здружение -------- , се констатира дека -------- како претседател на здружението, се јавува како потписник на овој Договор. Согласно член 5 од Договорот, работата на давателот на услугата/провајдер ќе се извршува од страна на Министерството ------, како и Центрот -----------, каде всушност е вработен -----------.
Сите гореневедените околности укажуваат на постоење судир на интереси, а именуваниот како службено лице не ги преземал сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на приватниот

интерес врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси член 8 став (2):

*„Под поимот „службено лице„ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор„.*

Оттука, ---------- како вработен во ЈУ ------- е опфатен под поимот „службено лице„.

Согласно член 72 став (2) :

*„Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.„*

Член 75 став (1):

*„Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување„.*

Врз основа на утврдената фактичка состојба, се констатира дека -------- не постапил согласно цитираните одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и го повредил член 75 став (1) од истиот закон.

Ваквото дејствие е казниво согласно член 107 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и за сторениот прекршок составен е Записник бр. 09-526/1 од 02.02.2024 година, по што понудена е постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог бр. 09-526/2 од 02.02.2024 година. Сторителот во законски определениот рок ја плати изречената глоба и до Државната комисија достави уплатница како доказ. Исто така, од документацијата се констатира дека --------- повеќе не е овластено лице на Здружението.

Со преземање на горенаведените дејствија и мерки од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата во конкретниот предмет, Државната комисија заклучи дека нема елементи за натамошно надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК
Изработил: К.З. - раководител
Одобрил: С.Д..- член на ДКСК